

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА

ЗДРУЖЕНИЕТО „БАДНИКОВИ ПОВОРКИ“

ЗА ПЕРИОД: ЈАНУАРИ 2024 година – ЈАНУАРИ 2025 година

1. Основни податоци за Здружението „Бадникови поворки“

Здружението за возобновување на православните традиции „Бадникови поворки“ Скопје е доброволно, непрофитно, невладино, непартиско здружение на граѓани, формирано со слободно здружување на граѓаните заради организирање бадникови поворки низ што поголем број населени места во Македонија кои секоја година, на ден Бадник 6-ти Јануари, преку организирани поворки низ улиците на секој град (населено место), со песна ќе го најавуваат големиот христијански празник Божик.

Здружението „Бадникови поворки“ е основано во Скопје на седница на Основачкото собрание на Здружението на ден 09.02.2017 година, а истото е регистрирано во Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица на ден 16.02.2017 година.

Органи на Здружението се:

- Собрание - највисок орган на Здружението, кое го сочинуваат сите полнолетни членови на Здружението;
- Претседател кој се избира со мандатен период од 4 години, со можност за реизбор. Актуелен претседател на Здружението е Милан Копчаревски;
- Извршен одбор кој се избира за мандатен период од 4 години. Актуелниот извршен одбор е составен од претседателот на здружението и основачите на здружението.

Основните цели и задачи на Здружението „Бадникови поворки“ се следните:

- Возобновување на старите православни традиции за прослава на Бадник;
- Да се запознаат граѓаните на Република Македонија со старите православни традиции за прослава на Бадник;
- Да се обезбедат непречени услови за реализација на Бадниковите поворки како манифестација за Бадник;
- Да се остварат целите и задачите кои ќе бидат дополнително определени со плановите за работа на здружението.

Мисија на Здружението „Бадникови поворки“ е да организира бадникови поворки низ што поголем број населени места во Македонија кои секоја година, на ден Бадник 6-ти Јануари, преку организирани поворки низ улиците на секој град (населено место) со песна ќе го најавуваат големиот христијански празник Раѓањето Христово.

Здружението „Бадникови поворки“ во текот на месец декември 2018-та година беше регистрирано за вршење издавачка дејност во Централниот регистар на РМ.

На 18.10.2020 година, денот кога Бигорскиот манастир Св.Јован Крстител прославуваше 1000 години од своето постоење, на Здружението „Бадникови поворки“ му беше доделен Орден Претеча II Ред. Ова бесценото признание кое ни беше доделено им го посветуваме на околу 15 илјади деца и нивните семејства од над 40 градови и населени места во Македонија, на плејада пејачи и музичари, актери и други уметници, ансамбли, продукциски куќи, медиуми и компании кои во Бадниковите поворки препознаа вистинска вредност и шанса во ова тешко време на технолошка опседнатост кај децата, да разбудиме љубов, радост и живост, да ги возобновиме и да им ги пренесеме вистинските православни традиции поврзани со Христовото Раѓање. Овој Орден исто така го посветуваме и на Бигорскиот Манастир и на нашата Света Македонска Православна Црква - Охридска Архиепископија, без чиј благослов, поддршка и совети не ќе можевме со сигурност да кажеме дека сме на патот на Вистината.

Здружението „Бадникови поворки“ во текот на месец април 2021-та година беше регистрирано во Регистарот на вистински сопственици при Централниот регистар на РСМ.

Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи на свеченият предновогодишен прием во Македонската филхармонија на ден 22.12.2023 година го врачи највисокото признание „Вељо Манчевски“ на Здружението „Бадникови поворки“ за особен придонес во создавањето на трајни вредности, со следното образложение: Здружението Бадникови поворки веќе 14 години како народен, духовен и културен проект на граѓаните од православна вероисповед успеа во над 60 населени места ширум Републиката да ја возобнови древната традиција за Бадник да се пеат божиќни каланди, создавајќи празнична и топла атмосфера во

радосното исчекување на Христовото Раѓање, со што се постигна највеличествено и највпечатливо прославување на Бадник во поширокиот регион. Благодарение на трудот на Здружението „Бадникови поворки“ кое во своите редови ги вклучи најреномираните македонски пејачи, групи, ансамбли, оркестри, актери, режисери, спортисти и креативци, се создаде трајна вредност на новото време. Ризницата на бадниковите поворки бележи повеќе успешни целовечерни концерти, обновени и извлечени од заборав, но и ново создадени божиќни песни, чија порака е визуелизирана и со моќни видео спотови, организирани се голем број на хуманитарни акции, работилници и допрено е до илјадници луѓе, пружена е рака до секој, за сите да сме заедно, а никој да не е осамен во најубавиот период на годината. Црпејќи го благословот од Македонската православна црква – Охридска Архиепископија, како и поддршката од епархиите и значајниот поттик од Манастирот Св. Јован Крстител - Бигорски, Бадниковите поворки секоја година храбро исчекоруваат во нови достигнувања кои оставаат длабока трага.







2. Начин и период на изработка на Годишните извештаи за работењето на Здружението „Бадникови поворки“.

Со оглед дека мисијата на Здружението „Бадникови поворки“ е организирање и спроведување на Бадникови поворки кои што се одржуваат на ден Бадник, односно во месец јануари, сметаме дека е целисходно годишните извештаи да бидат изработени на начин што ќе го опфатат и месецот јануари од наредната календарска година. Поради оваа причина, годинешниот извештај дава приказ на сите активности кои што беа преземени во текот на 2024-та година и на почетокот на 2025-та година.

3. Реализирани активности во текот на 2024-та година и во месец јануари 2025 година.

3.1. Здружението „Бадникови поворки“ во текот на втората половина од 2024 година презема низа активности со цел реализација на неговата мисија, односно организирање на Бадникови поворки во 2025-та година.

Во првичниот период членовите на Здружението одржаа неколку состаноци на кои се разгледуваа начините за реализација на Програмата за дејствување на Здружението, се презентираа идеи за начинот на организирање на Бадниковите поворки во 2025-та година и се утврдуваа активностите на членовите на Здружението со насока на успешно организирање на поворките.

Членовите на Здружението се согласија слоганот за овогодинешната манифестација да гласи „Пренеси ја Божикната радост до секое срце“. Овој слоган ја изразува желбата и стремежот празнувањата за Бадник и Божик да бидат целосно исполнети со еуфорија и радост кај нашиот народ и со сите активности во предпразничкиот период уште повеќе да се разбуди љубовта и радоста кај сите луѓе.



Во таа насока, членовите на Здружението направија план за реализација на дискутираните идеи кои опфаќаа: активности за дизајнирање, изработка и поставување на нова божиќната пештера во градот Скопје, како и барање донации за оваа активност, дизајнирање на нов изглед на божикните ѕвезди и нивно соодветно пакување, како и барање донации за изработка на божиќни ѕвезди за секое дете учесник на поворките, организирање на флеш-мобови во трговските центри во Скопје, организирање на краток концерт за деца пред почетокот на Бадниковите поворки во Скопје и одржување на постојана комуникација и координација со претставници од сите градови и населени места во државата каде што се организираат Бадникови поворки.

3.2. Со цел да се обезбеди поголема информираност на граѓаните за преземените активности на Здружението и во текот на оваа година беа активни следните профили на социјалните мрежи: Fan страна на Бадникови поворки на Facebook, YouTube каналот Badnikovi Povorki, официјалниот профил на Бадникови поворки на Instagram и Facebook група БАДНИКОВИ ПОВОРКИ.

Покрај тоа, во текот на 2024 година во употреба беше пуштена и официјалната веб страна на Здружението Бадникови поворки: www.badnikovipovorki.mk, каде

навремено беа објавувани сите потребни информации поврзани со одржувањето на Бадниковите поворки во нашата држава, како и корисни содржини за нашите прекрасни традиции за празнување на Бадник и Божик.

3.3. Поконретно, во текот на втората половина на 2024 година и почетокот на 2025-та година, од страна на Здружението „Бадникови поворки“ беа преземени следните активности:

- Од месец декември 2024 година на нашата официјална веб страна и на нашите официјални профили на социјалните мрежи Facebook и Instagram започнавме со споделување на материјали кои ни пристигнуваа од пробите кои што се одржуваа скоро во сите населени места каде дечињата се подготвуваа за Бадниковите поворки. Беше задоволство да се гледаат голем број на дечиња како ја вежбаат химната на Бадниковите поворки – песната Вечниот Бог, воедно сами правејќи божиќни ѕвезди за нив и нивните другарчиња кои учествуваа на поворките. Големиот број на пристигнати фото и видео материјали од сите градови на државата беа доказ дека кај најмладите се повеќе се зголемува радоста во предпразничниот период, како и интересот за учество во Бадниковите поворки.










➢ На ден 18.12.2024 година, Здружението ,,Бадникови поворки" на плоштадот во градот Скопје ја постави најголемата божиќна пештера во Македонија, која оваа година доби нов лик. Како вистински столб на надежта и светилник на радоста, раскажувајќи го настанот на Христовото Раѓање, улогата на божиќната пештера е да нè потсети дека наближува еден од најголемите христијански празници – Божик.

Новата величествена божиќна пештера беше изработена според дизајн на г. Ангел Мицевски, кој со својата непресушна креативна визија го осмисли целокупниот

проект. Реализацијата, пак, е дело на искусниот вајар, г. Зоран Тошески кој заедно со својата сопруга Македонка, со посебно задоволство ја прифатија идејата за изработка на пештерата, волонтерски посветувајќи се на целиот проект и денонoќно работејќи со огромен труд. Господинот Зоран успеа да создаде дело кое на идните генерации ќе им сведочи за љубовта кон Бога, кон доброто и убавото. За пештерата да блесне во сиот сјај, се погрижи г. Влатко Павловски, кој исто така волонтерски се приклучи кон нашата мисија.

Генерални помагатели и покровители како на божиќната пештера, така и на овогодинешните Бадникови поворки во Скопје, се почитуваниот градоначалник на Општина Кисела вода, г. Орце Ѓорѓиевски и Премиерот Христијан Мицкоски, чија што несебична поддршка, труд и визија се историски подвиг кој ќе се памети со години.

Не помала благодарност упатуваме и кон Град Скопје, но и кон сите Скопски Општини, кои и оваа година со посебна радост се приклучија кон Бадниковите поворки. Нивната поддршка на нашата мисија за утврдување на православната традиција, создава автентична празнична атмосфера за сите во центарот на градот.

Особено сме им благодарни и на сите наши волонтери и помагатели кои со своето време, труд и ентузијазам ја направија оваа иницијатива возможна. Тие се вистински херои на нашата заедница и дел од најсветлата приказна на оваа празнична сезона.







➢ Во овој дел од извештајот сакаме да посветиме внимание и да се потсетиме на историјата и значењето на Божиќната пештера.

Имено Божиќните пештери, познати и како Божиќни вертепи или јасли, се традиционален елемент во празнувањето на Рождеството Христово во православните земји. Тие на еден непосреден и лесно приемчив начин го прикажуваат настанот на Раѓањето на Господ и Спасителот наш Исус Христос, онака како што тој е опишан во Светото Писмо на Новиот Завет.

Традицијата на изработување на Божиќни пештери и најавувањето на празникот Рождество Христово со нив потекнува уште од Средниот век и според научните истражувања фатил длабок корен кај сите православни народи, како дел од свечената атмосфера околу празникот. Пештерите биле изработувани од различни материјали, вклучувајќи дрво, кора од дрво, камен, трска и сл. Тие обично содржат икона со Богомладенецот Исус, Пресветата Дева Марија, Ангелите, Пастирите, Мудреците, како и пештарата, јаслите и животни каде што се родил Господ.

Божиќните пештери не служеле само како украси за празникот, туку биле и средство за негување на духовноста, потсетник на смислата на празникот и еден вид поттик за достоинствено празнување на Рождеството. Ваквото предание навлегло длабоко во битот на православните народи и до денес останало популарно во земјите како што се Грција, Русија, Србија, Украина и други. Во секоја од овие земји, традицијата со Божиќниот вертеп има свои уникатни карактеристики и варијации, адаптирани според локалните обичаи и културни влијанија. Оваа богата традиција со Божиќната пештера била многу жива во православните земји, но со појавата на комунизмот исчезнала.

Во Македонија, според силното предание што се сочувало и до наши дни, верниците, особено најмладите, пеејќи ги Божиќните каланди го објавувале насекаде со радосно ликување Рождеството Христово, славејќи ја побожно Богомајката и нејзината Света Рожба. Божиќната небесна радост, луѓето ја изразувале на разни начини. Некаде се изработувало украсено бротче, кое ја претставувало Црквата Христова и со него се одело од дом во дом, каде што домаќините принесувале во бротчето разни дарови. На други места Христовото Рождество се објавувало со ѕвезда, која ја означувала Витлеемската ѕвезда што ги водела тројцата Мудреци до Богомладенецот.

Но, највпечатливо пред Бадник било во Битола и Охрид. Во овие градови, најмладите, се разбира, со помош на повозрасните, со особена љубов и радост правеле мала пештера, која ја нарекувале „спилеон“, што ја симболизирала Витлеемската пештера. Младите ја изработувале од даски, од кора од дрво, ставале во неа слама и икона од Рождеството Христово и собрани во дружини ја носеле од куќа во куќа, тропајќи со дрвено чеканче по вратите и со песна им возвестувале на сите за воплотувањето на Божјото Слово. Во Битола и Охрид кои некогаш биле примери за христијанската соборност, со особена ревност се негувала оваа убава традиција, можеби и затоа тие беа единствените градови во Македонија каде ваквото навестување на Божиќ се задржало и до наши дни.

- На ден 04.01.2025 година беше организиран Флеш моб во Скопје Сити Мол, каде група млади луѓе, професионални музичари и хористи го развеселија градот пеејќи ја божиќната каланда „Христос се роди денес“, предизвикувајќи празнична радост и воздишки кај посетителите.
- На ден 05.01.2025 година беше организиран Флеш моб во Дајмонд Мол Скопје каде младите бадникари – музичари пеејќи божиќни каланди ја покажаа убавината и велелепието на нашата традиција, поттикнувајќи и охрабрувајќи ги на тој начин и другите млади луѓе и музичари и обични граѓани вљубеници во традицијата, дека и тие можат на и спроти Бадник да ги пеат божиќните каланди и да учествуваат во најавата на големиот празник.

- Во предвечерието на Бадник, група на деца од Бадниковита дружина во неколку градови, а по примерот на Битола и Охрид (градови кои што во континуитет низ годините ги зачуваа обичаите и традицијата, пеејќи ја божиќната каланда „Вечниот Бог“) започнаа со достојно прославување и навестување на празникот Рожденство Христово.




05.01.2025 година – Охрид

➢ 06.01.2025 година – Денот кој што со нетрпение го очекувавме, конечно пристигна. Македонија повторно го имаше највеличествениот Бадник во регионот. Бадниковите поворки како форма на радосно здружување на децата кои после коледарењето во своите маала, се собираат на однапред договорено зборно место за заедно, свечено и достоинствено да поминат одредена патека пеејќи ја пригодната божиќна песна „Вечниот Бог“, оваа година се одржаа по 15-ти пат и опфатија повеќе од 60 градови и села во нашата земја и неколку места во дијаспората.

Празничниот ден во градот Скопје започна со посета на нашата многупочитувана Претседателка д-р Гордана Силјановска Давкова, која во претседателската вила на Водно ги прими дечињата од составот „Златно славејче“, а потоа, на наша голема радост, заедно со својата внука, присуствуваше на божиќниот концерт на Плоштадот Македонија.









Речиси во исто време, огромен број на деца го посетија нашиот возљубен Архиепископ, Неговото Блаженство, Архиепископот Охридски и Македонски и на Јустинијана Прва г.г. Стефан, кому со посебна среќа во срцата му ја отпеаја каландата “Вечниот Бог”, најавувајќи му го Христовото Рождество.



Најголемата Бадникова поворка во Скопје се оформи во 12 часот од пред Музејот на Град Скопје, која преку Ул. Македонија пристигна на градскиот плоштад на кој се одржа голем празничен концерт. На оваа празнична манифестација настапија Златните славејчиња, Димитар Андоновски, Стефан Филиповски – Некст Тајм, Никола Перевски – Пере и младите талентирани музичари, попознати како средношколците од Луј.

Водители на настанот беа популарните детски ѕвезди Марија Јанчевска и Јован Дукмеџиев. Целата бадникова манифестација беше инклузивна и толкувана на знаковен јазик, за радоста да ја почувствува секој. Пред почетокот на поворката, на сите дечиња им беа поделени божиќни ѕвезди коишто дополнително го украсија свечениот настан, заедно со пригодни подароци. Божиќните ѕвезди ја симболизираат Витлеемската ѕвезда што им го покажала патот на Мудреците кон местото на Раѓањето на Богомладенецот. Тимот на Бадникови поворки изразува ОГРОМНА БЛАГОДАРНОСТ до сите учесници во БАДНИКОВИ ПОВОРКИ 2025, почнувајќи од коледарчињата, па се’ до организаторите.

Изразуваме посебна благодарност до помагателите на овогодинешната манифестација: Премиерот г. Христијан Мицкоски, Претседателот на ЗЕЛС и градоначалник г. Орце Ѓорѓиевски, до градоначалниците на сите скопски општини, како и до Министерството за култура и Град Скопје.












ПОМАГАТЕЛИ
Христијан Мицкоски
Орце Горгиевски
Пренеси ја
Божикната радост




ATLANTIS
innoX

Во исто време, свечени Бадникови поворки со учество на илјадници деца и нивните семејства се организираа и во 75 градови и населени места во Македонија и Дијаспората и тоа во: Битола, Охрид, Кичево, Прилеп, Струмица, Штип, Тетово, Гостивар, Струга, Кочани, Радовиш, Виница, Ресен, Свети Николе, Неготино, Демир Капија, Кавадарци, Куманово, Дебар, Македонска Каменица, Делчево, Крушево, Крива Паланка, Валандово, Дојран, Берово, Новаци, Кривогаштани, Требеништа, Велгошти, Лескоец, Карбинци, Гевгелија, Вратница, Одри, Рогачево, Старо село, Беловиште, Брвеница, Богданци, Ростуше, Штука, Раклиш, Ново Село, Василево, Банско, Ангелци и Градишорци, Спанчево, Враништа, Дрслајца, Трпејца, Пештани, Пробиштип, Велес, Општина Гази Баба, Општина Центар, Општина Карпош, Општина К.Вода, Општина Бутел, Општина Аеродром, Општина Ѓорче Петров, Општина Илинден, Општина Петровец, Општина Зелениково, Лозово, како и во Италија Горицција, Словенија Крањ,

Во сите поголеми градови во Македонија, исто како и во Скопје, поворката беше крунисана со празнични концерти на пригодни божиќни песни во кои учествуваа локалните sвезди и хорови.

Нека оваа пренесена празнична радост ни биде расположение кое ќе не’ следи целата година.




NLB Banka
Кичево


Прилеп


Битола


Охрид
STOJAN STOJANOVSKI 2S
shop.stojanstojanovski.com


Дебар


Гевгелија


Крива Паланка


Штип


Куманово


Ресен









Фотографиите од Бадниковите поворки од Скопје и од останатите градови се преземени од Fan страната на Бадникови поворки на Facebook.

По завршувањето на најголемата Бадникова манифестација досега, во која што, бадникови поворки на радоста организираа повеќе од 60 градови и населени места во нашата земја, слободно можеме да кажеме дека Македонија никогаш не изгледала поубаво за Бадник.

Топлиот и сончев, од Бога подарен Бадник, предизвика околу 25 илјади учесници, од најмало да најстаро, да чекорат во поворките на радоста, со што се надминаа сите очекувања на организаторите.

Сите заедно да му благодариме на Бога што и оваа година повторно можевме да ги прославиме Бадник и Божик заедно и во полн сјај.

Во овој дел изразуваме огромна благодарност до Златно славејче, до сите музички ѕвезди и до сите учесници, волонтери и помагатели кои што учествуваа на Бадниковите поворки и до сите останати добродетели кои со својот придонес помогнаа нашата Бадникова радост да стане реалност.

4. Финансиски извештај

Ве известуваме дека согласно член 18 од Законот за сметководство на непрофитните организации („Сл.весник на РМ“ бр.24/03, 17/11, 154/15 и „Сл.весник на РСМ“ бр.122/21) вкупната вредност на имотот или годишниот приход за 2024 година не надминуваат износ од 2.500,00 евра во денарска противвредност, при што не сме обврзани да составуваме и доставуваме финансиски извештаи за 2024 година.

5. Годишниот извештај за работењето на Здружението Бадникови поворки е изработен и усвоен во месец март 2025 година.

Со почит,

Здружение „Бадникови поворки“ - Скопје